# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 6, година XLVI
Петок, 13.05.2016
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски парламентарни избори Република Македонија

1. Ја објавувам Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски парламентарни избори во Република Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 11.05.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-691/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 13.05.2016 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | д-р Владимир Талески |

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 11.05.2016 година, ја донесе

### Д Е К Л А Р А Ц И Ј А
### за одржување на чесни, слободни и демократски парламентарни избори во Република Македонија

**Член 1**

Советот на Општината Битола ги поздравува и потикнува напорите на домашните и меѓународните институции како и политичките партии во Република Македонија, за одржување на чесни, слободни и демократски парламентарни избори во Република Македонија.

**Член 2**

Претставниците на Единицата на локалната самоуправа Општина Битола, односно Градоначалникот, членовите на Советот, општинската администрација и локалните јавни претпријатија, ќе креираат позитивен амбиент во пресрет на парламентарните избори и нема да ги злоупотребуваат моќта, средствата и имотот на Општина Битола за сметка на партиски активности и цели.

Носителите на функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија ќе создаваат позитивен амбиент во пресрет на парламентарните избори и нема да ги злоупотребат моќта, средствата и имотот на Република Македонија за сметка на партиските активности и цели на подрачјето на Општината Битола.

Во периодот од денот на донесувањето на оваа декларација до формирањето на новата Влада на Република Македонија, да се стопираат сите активности за нови, непро-

дуктивни (партиски) вработувања во сите јавни установи и служби на подрачјето на Општината Битола, освен за оние работни места каде што можи да се наруши процесот за нормално функционирање на истите.

**Член 3**

Градоначалникот, членовите на Советот, претставници на општинската администрација и раководителите на локалните јавни претпријатија да не ги злоупотребуваат постојните функции во тековната кампања доколку, по објавувањето на конечните листи бидат кандидирани за пратеници во Собранието на Република Македонија.

Градоначалникот на Општината Битола како и сите Градоначалници од Општините на изборната единица бр. 5 кои нема да бидат кандидати за пратеници во периодот од отпочнувањето на изборниот процес до неговото завршување да продолжат да ја извршуваат својата функција за која се избрани од граѓаните без вклучување во партиските ангажмани поврзани со парламентарните избори 2016 година.

Носителите на функции кои ги именува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, да ги стават во мирување своите функции доколку по објавувањето на конечната листа бидат кандидирани за пратеници во Собранието на Република Македонија.

**Член 4**

Советот на Општина Битола ќе ги поттикне ангажманите на здруженијата на граѓани и поединци, со својот авторитет да влијаат врз амбиентот за спроведување избори според меѓународно пропишани стандарди.

**Член 5**

Оваа Декларација да се достави до сите Градоначалници и Совети на Општините од изборната единица бр. 5, ЗЕЛС, до Владата на Република Македонија и до Претседателот на Република Македонија.

**Член 6**

Декларацијата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-59/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2016 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 11.05.2016 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-691/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.05.2016 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр. 40/06,......... 35/16), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службн гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 11.05.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат местата на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и се обезбедуваат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања.

**Член 2**

Изборни плакати без надоместок дозволено е да се истакнуваат на следните места:

1. На ул. „11-ти Октомври“ од спојот со ул. „Јорго Османо“ до спојот со ул. „Широк Сокак“, лево покрај пешачката патека - (Ринг центарот).
2. Плоштадот „Гоце Делчев“, вдолж пешачкиот остров, меѓу паркингот и Домот на културата.
3. Пред Домот на Армијата.
4. Кај Спортската сала „Младост“, меѓу паркингот и ул. „Партизанска“.
5. Кај болницата на улицата „Партизанска“, пред зградата на „Шавриќ“ и кон новата зграда од левата страна на „Шавриќ“.
6. Во населбата „Брусничко-лавчанска“ ул. „Методија Андонов-Ченто“, на источната страна, на празниот простор спроти драгсторот.
7. На „Булевар 1-ви Мај“ од цвеќерницата „Икебана“ до мостот за кај СВР, вдолж пешачката патека.
8. Спроти Црвениот Крст на ул. „Филип Втори Македонски“.
9. Аголот пред стариот „Хеликоптер“ на ул.„Филип Втори Македонски“.
10. На ул. „Баталјон Стив Наумов“ пред Домот за средношколска младина.
11. На аголот на ул. „Филип Втори Македонски“ и ул. „Наум Н. Борче“, на страната на бензинската пумпа.
12. На аголот од ул. „Филип Втори Македонски“ и ул. „Прилепска“.
13. Спојот на ул. „Димитар Илиевски-Мурато“ и ул. „4-ти Ноември“, од двете страни.
14. Влезот на населбата „Карпош“ до ул. „Крањска“.
15. Паркот на ул. „Цар Самоил“ и ул. „Пецо Божиновски“.
16. Во населбата „Буковски ливади“, меѓу ул. „Апостол Здравевски“ и ул. „Митрополит Пелагониски Климент“.
17. На потегот зграда на ГП „Маврово“ и пред Македонска банка, на ул. „Прилепска“.
18. На ул. „Македонска фаланга“ - пат за Градскиот стадионот.
19. На ул. „Наум Наумовски Борче“ во правец на градинката.
20. Населба „Стрелиште“ празен простор пред станбените згради на ул. „Арон Ариести“, „Цане Бујуковски“ и „Минела Бабуковски“.

**Член 3**

Истакнувањето на изборните плакати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, започнува од 16.05.2016 година.

На утврдените места, организаторите на изборната кампања можат да поставуваат свои подвижни паноа со залепени плакати распоредени во линија, на опишаните места од член 2 на оваа одлука, под услов да не се попречува видикот на другите паноа, но не повеќе од 3 паноа на една локација од секој организатор на изборната кампања.

**Член 4**

Без надоместокот изборни плакати можат да се истакнуваат на електрични столбови на висина над 3 метри.

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на стамбени или други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

**Член 5**

Во селата од подрачјето на Општината Битола се дозволува без надоместок лепење на плакати на слободните површини погодни за таква намена, односно на стамбени или други приватни објекти со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

**Член 6**

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита, односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти, телефонски и електрични

кабли, како и на столбови од светлосна сигнализација - семафори.

**Член 7**

Дополнителните места за истакнување изборни плакати со надоместок се утврдуваат врз основа на барање од организаторот на изборната кампања по претходна согласност на Одделението за комунални работи и уредување на градежното земјиште.

Барањето за користење дополнителни места за истакнување паноа со изборни плакати се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за почеток на изборната кампања.

Висината на надоместокот се определува за секое истакнато пано согласно зонирањето и тоа:

| | |
|---|---|
| за I - зона | 15.000 ден. |
| II - зона | 10.000 ден. |
| III - зона | 5.000 ден. |

**Член 8**

Организаторите на изборната кампања, во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите паноа и плакати од објектите и просторот.

**Член 9**

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според казнените одредби од Изборниот законик

**Член 10**

Надзорот над примената на оваа Одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-59/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 11.05.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-691/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.05.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 82 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/06,........35/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 11.05.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за органи-

зирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола.

**Член 2**

На организаторите на изборната кампања на подрачјето на Општината Битола им се овозможуваат еднакви услови за користење на просториите на домовите на урбаните и месните заедници во Општината за одржување на своите предизборни собири.

**Член 3**

Предизборните собири можат да се организираат во просториите на следните урбани и месни заедници:

Во градот:

„Даме Груев"„Коле Лачето"
„Борис Бастерот" „Ѓорѓи Наумов"
„Александар Туручцев" „Панде Кајзерот"
„Тодор Ангелевски" „Јонче Мурџевски"
„Естреа Мара" „Таки Даскало"
„Стив Наумов"„Вељко Влаховиќ"
„Димитар Влахов" „Стево Патако"
„Ѓорѓи Сугарев" „Блаже Рогозинарот"
„Васко Карангелевски" „Коле Канински"

Во населените места:

с. Буково с. Породин
с. Брусник с. Кукуречани
с. Лавци с. Лопатица
с. Крклино с. Лисолај
с. Логоварди с. Црнобуки с. Кравари с. Црнеец
с. Поешево с. Канино
с. Бистрица с. Кажани
с. Барешани с. Лера
с. Драгош с. Рамна
с. Егри с. Цапари

**Член 4**

Користењето на горенаведените простории во урбаните и месните заедници е без надоместок.

Организаторот на предизборните собири е должен просториите да ги користи како добар домаќин, а сите настанати штети ќе ги надомести на своја сметка во рок од 24 часа.

**Член 5**

Дозвола за одржување предизборни собири ја дава одговорното лице во урбаната и месната заедница, организаторот на предизборниот собир во договор со одговорното лице во урбаната и месната заедница, обезбедува слободен термин за одржување на предизборниот собир.Организаторот на предизборниот собир е должен да достави барање до одговорното лице во урбаната и месната заедница, најдоцна 3 дена пред денот на одржувањето на собирот.

**Член 6**

Користењето на просториите во урбаните и месните заедници за одржување на предизборните собири започнува од 16.05.2016 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-59/5
11.05.2016 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот Битола донесе:

**ОДЛУКА**
**за организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени – пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 – Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и јавна анкета за донесување на ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени – пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 – Општина Битола,

Член 2

Соопштение за Јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Нова Македонија„

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **18.04.2016 г.** во **10.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 18.04.2016 год. и ќе трае до 28.04.2016 година.

Член 4

Локалната урбанистичка планска долукентација за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени – пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 – Општина Битола ќе биде изложена на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-587/1
13.04.2016 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 44/15) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**
**За организирање на Повторна Јавна презентација и јавна анкета По Нацрт Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„ Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира Повторна Јавна презентација и јавна анкета за донесување на **Нацрт Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„– Општина Битола,**

Член 2

Соопштение за Јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Нова Македонија„

Член 3

Повторната Јавна презентација ќе се одржи на ден **18.04.2016 г.** во **10.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 18.04.2016 год. и ќе трае до 04.05.2016 година.

Член 4

Нацртот на **Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС„– Општина Битола,** ќе биде изложен на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-588
13.04.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**ОДЛУКА**
за организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по
Предлог УП за село Долно Оризари – Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и јавна анкета по Предлог УП за село Долно Оризари – Општина Битола,

Член 2

Соопштение за Јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Нова Македонија„

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **06.05.2016 г.** во **10.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 06.05.2016 год. и ќе трае до 20.05.2016 година.

Член 4

Урбанистичкиот план за село Долно Оризари – Општина Битола ќе биде изложена на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот или преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-637/1
26.04.2016 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 44/15) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**
**За организирање на Повторна Јавна презентација и јавна анкета По Нацрт Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира Повторна Јавна презентација и јавна анкета по **Нацрт Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола,**

Член 2

Соопштение за Јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Нова Македонија„

Член 3

Повторната Јавна презентација ќе се одржи на ден **06.05.2016 г.** во **10.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 06.05.2016 год. и ќе трае до 20.05.2016 година.

Член 4

Нацртот на **Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола,** ќе биде изложен на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-642/1
26.04.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот Битола донесе:

**О Д Л У К А**
за организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по ЛУПД за изградба на пречистителна станица со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура) на КП Бр. 25/3, КО Битола 5 – Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и јавна анкета за донесување на ЛУПД за изградба на пречистителна станица со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура) на КП Бр. 25/3, КО Битола 5 – Општина Битола,

Член 2

Соопштение за Јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Нова Македонија,,

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **27.05.2016 г.** во **10.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 27.05.2016 год. и ќе трае до 03.06.2016 година.

Член 4

Локалната урбанистичка планска долукентација за изградба на пречистителна станица со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура) на КП Бр. 25/3, КО Битола 5 – Општина Битола ќе биде изложена на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај,„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-715/1/2016
20.05.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 44/15) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**
**За организирање на Повторна Јавна презентација и јавна анкета По Нацрт Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира Повторна Јавна презентација и јавна анкета за донесување на **Нацрт Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола,**

Член 2

Соопштение за Јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Нова Македонија„

Член 3

Повторната Јавна презентација ќе се одржи на ден **27.05.2016 г.** во **10.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 27.05.2016 год. и ќе трае до 03.06.2016 година.

Член 4

Нацртот на **Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола,** ќе биде изложен на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-716/1/2016
20.05.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

# С О Д Р Ж И Н А

Д Е К Л А Р А Ц И Ј А за одржување на чесни, слободни и демократски парламентарни избори во Република Македонија ........................ 1

О Д Л У К А за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ........................................... 2

О Д Л У К А за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола.......................... 4

О Д Л У К А за организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени – пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 – Општина Битола..................................................... 6

О Д Л У К А за организирање на Повторна Јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за Блок „СТАР ПРОГРЕС“ Општина Битола ................................ 7

О Д Л У К А за организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по УП за село Долно Оризари – Општина Битола.......... 8

О Д Л У К А за организирање на Повторна Јавна презентација и јавна анкета По Нацрт Детален урбанистички план за Североисточна станбена зона Триаголник – Блок 2, Општина Битола...................................................................... 9

О Д Л У К А за организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по ЛУПД за изградба на пречистителна станица со намена Е3 (некомпатибилна инфраструктура) на КП Бр. 25/3, КО Битола 5 – Општина Битола................................................. 10

О Д Л У К А за организирање на Повторна Јавна презентација и јавна анкета По Нацрт Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР“ Блок 1 – Општина Битола.................................................................... 11

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211